**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25-07-2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3687 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на магазините „Либи“ и „Мини Либи“ на албански јазик, и тоа:

   - изданијата за месец април 2019 година на месечните магазини „Мини Либи“ бр. 14 и „Либи“ бр. 14

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јули 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатени медиуми ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

   - *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
   - *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
   - *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
   - *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета</u> кај двата печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***